




# Нашле неексплодирано убојно средство и го однеле во беровската полиција

360степени | 17 мај, 2024 10:20




**Веднаш откако неексплодираното убојно средство било донесено во станицата, било преземено од страна на пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување во Берово за уништување**



Неексплодирано убојно средство, кое се претпоставува дека е од Првата светска војна, вчера било однесено во Полициската станица Берово. Од Центарот за управување со кризи (ЦУК) информираат дека откако неексплодираното убојно средство било донесено во 12:30 часот во станицата веднаш било преземено од страна на пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување во Берово за уништување.

Од ЦУК велат дека ваквата постапка е несоодветна од безбедносен аспект.

Оттаму апелираат граѓаните, заради своја безбедност и на околината околу нив, треба да постапуваат согласно безбедносните препораки при вакви случаи.

> **„Кога ќе пронајдат било какви неексплодирани убојни средства (НУС) или остатоци од минатите војни, препорака до граѓаните е да не ги фаќаат и поместуваат, туку да се јават на 112 во ЦУК и со НУС ќе се постапува според стандардните оперативни процедури за вакви случаи од страна на професионалци – пиротехничари, безбедно за нив и за сите во нивната околина“,**
>
> велат од ЦУК.

СПОДЕЛИ




## Последни новости


Хрватска изгласа нова влада: Пленковиќ по...
17 MAJ, 2024


Села: Не е спорно уставните измени...
17 MAJ, 2024


(ВИДЕО) 360° меѓу гласачите Албанците –...
17 MAJ, 2024


Изјавите дека вршам притисок врз колегите...
17 MAJ, 2024


(ФОТО+ВИДЕО) Се судрија патнички и товарен...
17 MAJ, 2024



©2024 360 степени, Сите права се задржани